РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 335/23
23 март 2023 година
Скопје

Врз основа на член 19 став 5 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23 март 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за унапредување

1. Во звање самостоен советник се унапредуваат вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија:
- Мартин Трајановски - советник за стручно-аналитичка работа; и
- Тодор Костадиновски - административен работник за сметководство.

2. Оваа одлука ќе се објави на сајтот на Судот и ќе се смета за доставена до сите кандидати со денот на објавата, а по конечноста на истата, секретарот на Судот ќе донесе решение за распоредување на вработените од точка 1 од оваа одлука.

## Образложение

Врз основа на член 19 став 2 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Комисијата за организациони и кадровски прашања на ден 17 март 2023 година, одлучи да започне постапка за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија од звање советник, односно административен работник во звање самостоен советник (двајца извршители) и го задолжи секретарот на Судот да се објави интерен оглас за унапредување во Стручната служба.

На 17 март 2023 година, на сајтот на Судот беше објавен Интерен оглас за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија бр.1/2023.

Согласно Огласот, право да се пријават имаа вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија со звање - советник и административен работник, при што крајниот рок за пријавување беше 21 март 2023 година до 15:30 часот.

До крајниот рок, беа доставени четири пријави од вработени во Стручната служба на Судот.

Комисијата за организациони и кадровски прашања, се состана на 22 март 2023 година, ги оцени сите кандидати за унапредување согласно критериумите утврдени во член 5 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вработување и унапредување во

Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година.

Врз основа на член 19 став 4 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и извршеното оценување, Комисијата за организациони и кадровски прашања ги предложи вработените од точка 1 од оваа одлука за унапредување од звање советник, односно административен работник во звање самостоен советник, за што е изготвен Извештај од спроведената постапка за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија по Интерниот оглас бр.1/2023 за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.329/23 од 22 март 2023 година.

Согласно предлозите на Комисијата содржани во Извештајот од спроведената постапка, Судот на ден 23 март 2023 година одржа седница на која одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на сајтот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска